Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Кинотека на
Република Северна Македонија
Institucioni Nacional Kinoteka e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бр.-Nr. 01-200/1
16.04 2021 год.-viti
Скопје

Врз основа на член 77- к став (5) од Законот за култура („ Службен весник на Република Македонија бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18, и 11/18) и член 21 став 1 точка 13 од Статутот на Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија, бр. (бр.01-634/1 од 26.05.2015 г. Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Националната установа Кинотека на Македонија, бр.02-462/5 од 04.05.2018 г. и Одлуката за измена и дополнување на Статутот на НУ Кинотека на Македонија, бр.02-220/3 од 12.03.2019 г.), Управниот одбор на НУ Кинотека на Република Северна Македонија, на предлог на Директорот на установата, на ден 16.04.2021 г., го донесе следниот :

# ПРАВИЛНИК

**за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на ефектот на давателите на јавни услуги во културата, висината на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда, намалување на плата или распоредување на работно место на пониско ниво во Н. У. Кинотека на Република Северна Македонија**

## Општи одредби

### Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на ефектот на давателите на јавни услуги во културата, висината на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда, намалување на плата или распоредување на работно место на пониско ниво во Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија.

### Член 2

Оценувањето на ефектот на давателите на јавни услуги во културата во Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија се врши со цел да се добие реална слика за стручноста, ефикасноста и ефективноста во извршувањето на службените задачи, односно остварување на поставените работни цели.

## Систем на управување со ефектот

### Член 3

(1) Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија воспоставува систем за управување со ефектот на давателите на јавни услуги во културата.

(2) Системот од ставот (1) на овој член, го сочинуваат :
- утврдување на работни цели и задачи и
- постапка за оценување на ефектот на давателот на јавна услуга во културата.

## Утврдување на работни цели и задачи

### Член 4

(1) Работните цели и задачи на давателот на јавна услуга во културата се утврдуваат врз основа на годишната програма за работа на НУ Кинотека на Република Северна Македонија.

(2) Работните цели и задачи на давателот на јавната услуга во културата треба да бидат јасни, прецизни, мерливи и со утврдена временска рамка за извршување, а при нивното утврдување треба да бидат земени предвид нивото на работното место и општите и посебните компетенции на давателот на јавна услуга во културата.

(3) Работните цели и задачи се утврдуваат од страна на непосредно претпоставениот вработен во НУ Кинотека на Република Северна Македонија, со статус на дават ел на јавната услуга во културата во соработка со непосредно понискиот дават ел на јавна услуга, на годишно, на месечно и на неделно ниво. Работните цели и задачи се утврдуваат од страна на непосредно претпоставениот вработен, по потреба и почесто, во зависност од потребите и реализацијата на програмските активности на установата.

**Континурано следење на ефектот**
**Член 5**

(1) Непосредно претпоставениот вработен во Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија, во текот на периодот за оценување, постојано ја следи работата на давателот на јавната услуга во културата и прибира податоци што се од суштествено значење за оценувањето.

(2) Следењето и прибирањето на податоците подразбира проверка и евидентирање на квалитетот и квантитетот во остварувањето на работните цели и задачи.

(3) При следењето на работата, непосредено претпоставениот во Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија постојано го мотивира давателот на јавна услуга во културата и му дава инструкции и совети за подобрување на работењето, му укажува на конкретни детали во работата, на постапките што водат кон успешно работење и на недостатоците во неговото работење .

**Полугодишно интервју**
**Член 6**

(1) Непосредно претпоставениот вработен во Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија, со статус на дават ел на јавна услуга во културата е должен континурано да го следи ефектот на непосредно понискиот дават ел на јавна услуга во Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија, во текот на целата година и по потреба да предлага мерки за подобрувањето на истиот.

(2) Како дел од процесот на континуирано следење на ефектот на давателот на јавна услуга во културата, најдоцна до 30 јуни во календарската година, се спроведува полугодишно интервју.

(3) По спроведување на полугодишното интервју согласно ставот (2) на овој член се пополнува извештај за полугодишниот иинтервју, кој го потпишуваат давателот на јавна услуга во културата чиј ефект се следи и неговиот непосредно препоставен вработен со статус на дават ел на јавна услуга во културата .

(4) Копија од извештајот од ставот (3) на овој член, му се доставува на давателот на јавна услуга во културата чиј ефект се следи.

(5) Доколку во извештајот за полугошното интервју, непосредно претпоставениот вработен во Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија, со статус на дават ел на јавна услуга во културата утврди дека давателот на јавна услуга во културата чиј ефект се следи, не ги исполнува поставените цели, односно покажува незадоволителни резултати за време на полугодишниот период, не покажува потребна стручност и компетентност, има значителени грешки во работата и постапувањето, работните задачи ги извршува ненавремено односно не покажува интерес за квалитетот на извршувањето на работните задачи, истиот ќе започне постапка за подобрување не ефектот.

(6) Во постапката за подобрување на ефектот се предлагаат дополнителни обуки или менторство и се изрекува писмено укажување во кое работникот се предупредува за можноста да биде оценет со негативна оценка доколку и покрај укажувањата и предложените мерки, до истекот на годината за која се врши оценувањето, не го подобри својот ефект .

**Член 7**

(1) Вработените во НУ Кинотека на Република Северна Македонија со статус на даватели на јавни услуги во културата задолжително се оценуваат еднаш годишно и тоа најдоцна до 1 декември за тековната година .

(2) Оценувањето од ставот (1) на овој член го врши непосредно претпоставениот давател на јавна услуга во културата во НУ Кинотека на Македонија, а доколку давателот на јавна услуга во културата кој се оценува нема непосредно претпоставен вработен во НУ Кинотека на Македонија со статус на давател на јавна услуга во културата, оценувањето од ставот (1) на овој член го врши раководното лице во НУ Кинотека на Македонија.

**Член 8**

Податоците добиени при оценувањето, се внесуваат во Образецот за оценувањето на давател на јавна услуга во културата, кој е даден во Прилог број 1 и составен дел на овој Правилник .

**Критериум за оценување**

**Член 9**

Оценувачот го оценува давателот на јавна услуга во културата врз основа на:

- квалитетот, ефективноста и ефикасноста на работењето;
- почитување на роковите;
- работната етика;
- нивото на исполнување на работните цели и задачи;
- нивото на вклученост и посветеност на работата;
- придонесот во реализацијата на годишната програма за работа на НУ Кинотека на Република Северна Македонија;
- почитување на работното време, согласно Одлуката за утврдување на работното време во установата и позитивните законски прописи.

**Поблиски критеруми за оценување**

**Член 10**

Оценувањето на давателот на јавни услуги во културата во НУ Кинотека на Македонија се врши врз основа на поблиски критериуми што се однесуваат на резултатите од неговата работа, како и личните квалитети што тој ги покажал во текот на работењето, и тоа :

- стручност;
- обем на на работа ( колку работа завршил );
- правовременост ( кога ги завршил работите );
- самостојност;
- креативност;
- прецизност;
- доверливост;
- соработка;
- организирање на работата;
- интердисциплинарност;
- однос кон странките;
- комуникација;
- други способности поврзани со работата.

## Видови на оценки

## Член 11

(1) Оценувачот го оценува давателот на јавна услуга во културата со оценка 5 со вредност од 4.51 до 5.00 - ,,особено се истакнува" - и тоа кога давателот на јавна услуга во културата го надминува исполнувањето на поставените работни цели и задачи за нивото на работно место на кое е распореден во сите области на свое работење и дава значителен придонес во области кои се надвор од неговата директна одговорност.

(2 ) Оценувачот го оценува давателот на јавна услуга во културата со оценка 4, со вредност од 3.51 до 4.50 - ,,се истакнува" – и тоа кога давателот на јавна услуга во културата ги исполнува поставените работни цели и задачи за нивото на работни место на кое е распореден во сите области на своето работење.

(3) Оценувачот го оценува давателот на јавна услуга во културата со оценка 3, со вредност од 2.51 до 3.50 - ,,задоволува" - и тоа кога давателот на јавна услуга во културата ги исполнува поставените работни цели и задачи за нивото на работно место на кое е распореден во некои области на своето работење.

(4) Оценувачот го оценува давателот на јавна услуга во културата со оценка 2, со вредност од 1.51 до 2.50 - ,,делумно задоволува" - и тоа кога давателот на јавна услуга во културата на ниско ниво ги исполнува поставените работни цели и задачи за нивото на работнното место на кое е распореден.

(5) Оценувачот го оценува давателот на јавна услуга во културата со оценка 1, со вредност од 1.00 до 1.50 - ,,не задоволува" - тогаш кога давателот на јавна услуга во културата не ги исполнува поставените работни цели и задачи за нивото на работно место на кој е распореден.

## Начин на оценувањето

## Член 12

Оценувањето се врши на објективен и непристрасен начин, без влијание и притисок од непосредно претпоставените раководни даватели на јавни услуги во културата врз оценувачот.

## Член 13

(1) Годишната оценка на давателот на јавна услуга во културата се добива врз основа на оценката на оценувачот со тежински фактор од 65 %, како и од просечната оценка на двајца други даватели на јавна услуга во културата во Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија (во натамошниот текст : други оценувачи ), со тежински фактор од 35 %.

(2) Другите оценувачи ги бира давателот на јавна услуга во културата и сите со оценки од 1 до 5 ги оценуват општите работни компетенции на давателот на јавна услуга во културата и предлагаат начини за подобрување на неговата работа.

Другите оценувачи треба да бидат на исто или повисоко ниво од оценуваниот.

При оценувањето се користи Прилог број 3 кој е составен дел на овој Правилник.

## Постапка на оценувањето во други околности

## Член 14

(1) Давателот на јавна услуга во културата кој во текот на годината за која се врши оценувањето, бил отсутен од работа подолго од шест месеци (боледување, неплатено отсуство и друго), како и давателот на јавна услуга во културата кој за прв пат се вработил пократко од шест месеци во периодот за кој се врши оценувањето, нема да биде оценуван.

(2) Оценувањето на давателот на јавна услуга во културата, кој во текот на годината за која се врши оценувањето е распореден на друго работно место, односно преземен од други, го врши новиот, врз основа на писмен извештај од претходниот оценувач.

(3) Доколку оценувачот во текот на годината за која се врши оценувањето го промени работното место, или ќе му прстане работниот однос, оценувањето на давателите на јавни услуги со кои раководел, го врши новиот, врз основа на писмен извештај од претходниот оценувач.

**Член 15**

(1) По завршувањето на оценувањето, копија од образецот од членот 8 од овој Правилник, се доставува и до давателот на јавна услуга во културата.

(2) Оценувачот е должен да подготви и најдоцна до 31 декември, до надлежната организациона единица за управување со човечки ресурси, односно до лицето надлежно за вршење на работи од областа на управувањето со човечки ресурси, да достави извештај со ранг листа на годишни оценки на сите даватели на јавна услуга во културата кои ги оценувал како и примерок од образецот за извршенето оценување.

(3) Образецот за извештајот со ранг листа од ставот (2) на овој член е даден во Прилог број 2 и е составен дел на овој Правилник .

## Висина на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда, намалување на плата или распоредување на работно место на пониско ниво

**Член 16**

(1) По извршенето оценување и постапката по жалба на оценките согласно одредбите од овој правилник, од страна на надлежната организациона единица за управување со човечки ресурси, односно од лицето надлежно за вршење на работи од областа на управувањето со човечки ресурси, се изготвува конечна ранг листа на оценките на сите даватели на јавна услуга во културата во Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија, изразени во номинална вредност .

(2) Согласно конечната ранг листа од ставот (1) на овој член, давателите на јавни услуги во културата во НУ Кинотека на Македонија, кое се оценети со оценка 5 ке бидат наградени со награда во износ од една основна плата на наградениот давател на јавна услуга во културата, примена во последниот месец во годината во која се вршело оценувањето доколку во Буџетот на Установа се обезбедени средства за таа намена. Доколку во Буџетот не се обезбедени средствата, наградениот давател на јавна услуга може да биде награден со слободни денови или друг вид нематеријална награда.

(3) На давателите на јавни услуги во културата кои се оценети со оценка 1, ке им биде намалена основната плата во износ од најмногу 20% во период од три месеци.

(4) Давател на јавна услуга во културата кој ќе биде казнет со парична казна согласно ставот (3) на овој член, во годината во која бил оценет со оценка 1, не може да биде дополнително казнет во диciплинска постапка заради слаби резултати во работењето .

(5) На давател на јавна услуга во културата кој три години последователно, односно три години во текот на пет години на оценување, ќе биде оценет со оценка 1, му престанува работниот однос, во постапката утврдена со закон .

(6) Давател на јавна услуга во културата кој три години последователно ќе биде оценет со оценка 2, ќе се распореди на работно место на пониско ниво за кое ги исполнува условите утврдени во актот за систематизацијата на Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија.

(7) За награда, односно за намалувањето на платата на давателите на јавна услуга во културата, односно за распоредувањето на работно место на пониско ниво , одлучува Управниот одбор на НУ Кинотека на Македонија, врз основа на конечната ранг листа од ставот (1) на овој член.

**Право на жалба**
**Член 17**

Давателот на јавна услуга на културата, кој не е задоволен од оценката, може во рок од осум дена од денот на приемот на копијата од образецот од членот 8 од овој правилник, да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ Кинотека на Република Северна Македонија.

**Завршна одредба**
**Член 18**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла на НУ Кинотека на Република Северна Македонија.

**Претседател на Управен одбор,**
**Томислав Османли**

Прилог број 1

( штембил на установата )

**ОБРАЗЕЦ НА ДАВАТЕЛИ НА ЈАВНА УСЛУГА ВО КУЛТУРАТА ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ЗА ________ ГОДИНА**

**I . Податоци за учениците во оценувањето**

1. Име презиме на оценуваниот ______________________________
2. Работно место на оценуваниот ______________________________
3. Име презиме на оценувачот ______________________________
4. Работно место на оценувачот ______________________________

**II. Податоци за работни цели и задачи**

5 . Краток опис на работните цели и задачи на давателот на јавни услуги во културата за тековната година

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

**III . Други податоци**

6. Податоци за извршените работни задачи на давателот на јавни услуги во културата за тековната година

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

**IV .Податоци за оценката**

7. Оценување на давателот на јавна услуга во културата

| | |
|---|---|
| Квалитет, ефективност и ефикасност на работењето | |
| Почитување на роковите и работната етика | |
| Нивото исполнување на работите цели и задачи | |
| Нивото на вклученост и посветеноста на работата | |
| Придонесот во реализацијата на годишната програма на НУ Кинотека на Република Северна Македонија. | |
| Реализација на индивидуланиот план за стручно усовршувањето | |
| Однесувањето на давателот на јавна услуга во културата | |
| Оценка на оценувачот | |
| | |
| | |

**V. Мерки за подобрување**

8.Предлог мерки за подбрување на давателот на јавна услуга во културата

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________.

**VI. Коментари**

9. Коментар на оценувачот

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________.

10. Коментар на оценуваниот

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________.

Оценувач ______________________________

Оценуван ______________________________

( М. П.)
Прилог број 2

(штембил на установата )

ИЗВЕШТАЈ ЗА ОЦЕНУВАЊЕТО НА ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНА УСЛУГА ВО КУЛТУРАТА
ВО НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЗА ______________________ ГОДИНА

1. Податоци за бројот на процентот на оценети и неоценети даватели на јавна услуга во културата

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
________________________

2. Причини за неоценетост

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
___________________________

3. Други коментари

______________________________________________________________
______________________________________________________________
________________

4. Ранг листа на извршени оценувања за давателите на јавна услуга во културата

| Ред.бр | Име и презиме | Работно место | Оценка |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3 | | | |
| 4. | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Оценувачот : ______________________________

( М. П.)
Прилог број 3

(штембил на установата)

**ОБРАЗЕЦ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ДАВАТЕЛ НА ЈАВНИ УСЛУГИ, ВО НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ______________________ ГОДИНА**

| Податоци за оценуваниот (Овој дел го пополнува организационата единица за управување со човечки ресурси во институцијата во која е вработен оценуваниот, во соработка со оценувачот, од **1 до 15 декември** за тековната година) | |
|---|---|
| Име и презиме | Работно место |
| | |

| Оценка од друг оценувач (Овој дел го пополнува другиот оценувач, анонимно. Другиот оценувач ги оценува оние компетенции кои имал можност да ги осознае во соработката со оценуваниот давател на услуги). | | |
|---|---|---|
| Општа компетенција | Оценка (1-5) (користете цели броеви) | Пример/и за секоја наведена оценка |
| Комуникација | | |
| Учење и развој | | |
| Исполнителност | | |
| Компетентност | | |
| Иницијативност | | |
| Остварување на резултати | | |
| Работење со други | | |
| Ориентираност кон клиенти | | |
| Стратешка свест | | |
| Решавање на проблеми и донесување на одлуки | | |

| | | |
|---|---|---|
| Финансиско работење | | |

| ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ | |
|---|---|
| Општа компетенција | Предлог |
| | |
| | |

Оценувач : ______________________________

Република Северна Македонија
Institucioni Nacional Kinoteka e
Republikës së Maqedonisë se Verlut
Бр.-Nr. 02-181/6
16.4 2021 год.-viti

Врз основа на член 21 став 1 точка 13 од Статутот на НУ Кинотека на Република Северна Македонија, (бр.01-634/1 од 26.05.2015 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот, бр.02-462/5 од 04.05.2018 г. и Одлуката за измена и дополнување на Статутот, бр.02-220/3 од 12.03.2019 год.) Управниот одбор на НУ Кинотека на Република Северна Македонија, на својата 22-ра седница (продолжена од 09.04.2021 г.), одржана на 16.04.2021 година, донесе

# О Д Л У К А

1. Се донесува Правилник за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на ефектот на давателите на јавни услуги во културата, висината на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда, намалување на плата или распоредување на работно место на пониско ниво во НУ Кинотека на Република Северна Македонија.

2. Одлуката стапува во сила со донесувањето а Правилникот ќе се применува осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија.

Претседател на Управен одбор,

Томислав Османли